EIŽ PROGRAM DODJELE STIPENDIJA

POTPORA ZA ZNANSTVENO-ISTRAŽIVAČKI RAD

# УЛОГАТА НА ЖЕНАТА ВО ГРАДЕЊЕТО МОСТОВИ НА МЕЃУРЕЛИГИСКИОТ ДИЈАЛОГ ВО МАКЕДОНИЈА: ОБРАЗОВАНИЕТО НА ТЕОЛОГИЊИТЕ

Д-р Марија ГИРЕВСКА

**EIŽ:** Četvrt kralja Slavca 3, 21310 Omiš – Hrvatska T: +385 21 862 599 **F**: +385 21 757 085 **E**: eiz@eiz.hr **OIB**: 48843342564

### *Биографија*



Марија ГИРЕВСКА[1] е преведувач и автор. По магистрирањето и докторирањето на Катедрата за англиски јазик, таа се стекнала со втор магистериум по теологија на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што предава теологија на англиски јазик. Досега објавила три книги: за англиски надреализам, за готски роман и за Џојс и Библијата, како и бројни статии за Џојс и од областа на литературата и теологијата. Добитник е на Златно перо за преводот на „Улис“ од Џејмс Џојс (2013). Како истражувач на Џојс, таа учествувала на симпозиумите за Џејмс Џојс и држела предавања на Летната школа за Џојс во Трст. Стипендист е на Американскиот институт за научници за американски верски плурализам на Универзитетот во Сиетл и на пост-програмата „Пишување за објавување“ на Институтот за обука и развој, САД. Нејзиното најново истражување се фокусира на улогата на теологињите во верските заедници и во меѓуверскиот дијалог.

[1] Д-р Марија Гиревска предава на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје. Е-адреса: m.girevska@gmail.com. Ова истражување е изработено во рамките на проектот на Екуменската иницијатива на жените (Ekumenska inicijativa žena, Хрватска), под менторство на проф. д-р Ацо Гиревски (Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје).

**Апстракт**

Со оглед на тоа дека речиси и не постојат податоци, ниту, пак, истражувања за можностите што теологињите (богословките или жените теолози) ги имаат денес во своите верски заедници и духовни институции во Република Северна Македонија, за потребите на ова истражување анализирани се мислењата и ставовите на повеќе, пред сè, претставнички, односно извори, добиени од интервјуата спроведени на репрезентативен примерок од петте поголеми верски заедници согласно Уставот на РС Македонија (Член 19): Македонската православна црква-Охридска архиепископија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската верска заедница и Исламската верска заедница. Истражувањето се спроведе во периодот од почетокот на јуни до крајот на септември 2022 година. Врз основа на истражувањето, претставени се главните предизвици и можности за активно дејствување на теологињите, вработени во духовните институции, и мерките и препораките за подобрување на оваа состојба. Целта на истражувањето е да се поттикне интерес за истражување на положбата на теологињата во духовните институции во Македонија.

*Клучни зборови*: жени, теологињи, меѓурелигиски дијалог, верско образование, Република Северна Македонија

**Вовед**

Верскиот или религиозниот плурализам претставува состојба во која секој поединец во општеството со разнолики верски системи има права и слобода да ја практикува својата вера согласно својата совест. Меѓутоа, верската разноликост, сама по себе, не претставува верски плурализам. Имено, разноликоста ги опишува и упатува на различните верски системи и традиции присутни во општеството, но плурализмот сигнализира начини за тоа како да се пристапи кон различностите, како да размислуваме за нив, како да ја разбереме другоста во продлабочувањето на меѓурелигискиот дијалог (Cohen and Numbers, 2013).

Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Македонија) денес е религиозно разновидна држава: мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална. Верската разноликост и плурализам се мошне важни принципи на верска слобода. Според Член 22, Став 2 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („*Сл.весник на РМ*“ бр.113/07), „[в]ерските образовни установи се изедначени со другите образовни установи и нивните ученици и студенти ги имаат истите права и обврски“. Согласно Уставот на РС Македонија (Член 19), на граѓаните им се гарантира слободата на вероисповеста и се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Покрај Македонската православна црква-Охридска архиепископија, како други верски заедници и цркви со поголем број на верници се спомнуваат и Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Исламската верска заедница и Еврејската верска заедница[2]. Можностите за образование се клучни за личниот и општествен развој на жените, подеднакво како и на мажите, и истовремено играат важна улога во духовната сфера на различните конфесии и јадрото што ги обединува.

[2] Верските заедници, цркви и религиозни групи „се одвоени од државата и се еднакви пред закон“ и „се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон“ (Член 19 од Уставот на РС Македонија). Според Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Сл.весник на РМ“ бр.113/07), не е дозволена верска дискриминација (Член 4, Став 1), а црквата, верската заедница и религиозната група се запишуваат во Единствениот судски регистар на црквите, верските заедници и религиозните групи (Член 9, Став 1), но „[с]о закон може да се ограничи слободата на изразување на религијата или убедувањето доколку тоа е неопходно во интерес на јавната сигурност, поредокот, здравјето, моралот или заштита на правата и слободите на другите“ (Член 8).

Современите движења насочени кон целосен, рамноправен и хуман развој на жените бара и современи поимања по однос на прашањето за местото и улогата на жената во верските заедници. Меѓутоа, на балканските простори, местото и улогата на жената во верската заедница честопати е во тесна врска со културните обичаи и традиции и општествените можности (спореди Anić, 2019; Spahić-Šiljak, 2007). Според анализата за родова еднаквост на УСАИД од 2019 година, „[к]ултурните норми и уверувања не се разликуваат многу според географскиот регион, но тие се разликуваат според етничката припадност и се поизразени во руралните области“ (Sproule и др., 2019, 5). А во заклучоците од истражувањето спроведено од Фондацијата Фридрих Еберт, *Студија за жените* (2020) се наведува дека кај

> испитаничките од македонска етничка припадност се позначајни вредностите поврзани со: независноста и сигурноста; социјалниот живот; кариерниот развој/самореализацијата и хедонизмот, за разлика од испитаничките од албанската етничка припадност, кај кои поистакнати се вредностите поврзани со: религијата и традицијата, како и со политичката активност и граѓанскиот активизам. (16)

Наодите од *Студијата на жените* покажуваат дека „религиозниот живот како вредност е пропорционален со возраста“ и „почитувањето на традицијата како вредност расте пропорционално со возраста“ (*Истото* 17), а „[ж]ените од руралните места, во поголема мера ги прифаќаат овие барања/очекувања, за разлика од жените во урбаните места (*Истото* 22). По однос на муслиманската женска популација, во Родовата анализа на УСАИД се препорачува да се „промовираат простори само за жени, особено во заедниците со мнозинско муслиманско население бидејќи примарното собирање податоци откри дека муслиманките често се чувствуваат поудобно да учествуваат во целосно женски групи“ (Sproule и др., 2019, 15). Податоците од нашето истражување за улогата и можностите на обрзованите теологињи, исто така, укажуваат на тоа дека иако постои промена во културните норми и уверувања, што е особено карактеристично за испитаничките со стакнато високо образование, сè уште доминира традиционалната поделба на родовите

улоги[3]. Промената на културните норми и уверувања во општеството непосредно влијае не само врз улогата, можностите и перспективите на теологињите и жените мирјанки во верските заедници, туку и на општите човекови права и слободи.

За целите на ова истражување, примарните квалитативни податоци се добиени од полуструктурирани интервјуа лице в лице со десет еминентни теологињи (седум мирјанки, две монахињи и една пасторка) од Скопје, Рајчица, Битола и Тетово, кои се директно вклучени во активностите на петте поголеми цркви и верски заедници во Македонија (споменати погоре), како и од моето лично и професионално искуство како теологиња, професорка на Православниот богословски факултет (ПБФ). При истражувањето користена е литература со секундарни податоци (преглед на литература: родовите анализи на УСАИД од 2019 година за ставовите и практиките за интеграција на родовата еднаквост, *Студијата за жените* од 2020 година на Фондацијата Фридрих Еберт, податоците на Државниот завод за статистика, извештаите за самоевалуација на УКИМ и веб страниците на верските заедници). Истражувањето се спроведе во две фази: првата фаза го опфати периодот од почетокот на јуни до крајот на септември 2022 година во која се собираа материјали од полуструктуираните интервјуа, кои беа составени од 10 отворени прашања (со потпрашања) за следните тематски поглавја: демографски прашања, религија, образование и вработување, можности, партиципација и перспективи на жените во верската заедница. Втората фаза заврши заклучно со декември истата година и опфаќаше обработка и анализа на собраните податоци.

Ограничувања на истражувањето: генерално, постои недостаток на податоци за позицијата на образованите теологињи во земјата што може да влијае на анализата на овие податоци, а теренската работа беше лимитирана поради временскиот опсег за работа (летните годишни одмори). Целта на ова истражување е да се поттикне експлоративен интерес за положбата и можностите на теологињата во духовните институции во Македонија.

[3] Според студијата на УСАИД од 2019 година, „традиционалните родови норми се позастапени кај ромското и албанското население - особено во руралните области - што ги прави тие групи особено ранливи" (Sproule и др., 2019, viii).

**Можностите на жената во верската заедница во Македонија**

Во изминатава декада, во Македонија сѐ погласно се зборува за родовата рамноправност: за еднакво учество на жените во политичкиот и јавниот живот и во сите сфери на општеството. Оттука, се роди и потребата да се зборува за улогата и можностите на теологињата во нашите верски заедници и за нејзиното учество во меѓуверскиот дијалог.

Многумина од нашите соговорнички го потврдија следниот заклучок: ниту една вера не прави разлика меѓу жените и мажите во основните права и должности на верниците. Проблемот лежи во востановената пракса на работата и организацијата на верските заедници.

Учеството на жените во меѓуверскиот дијалог е небаре искачување по стрмна планина, не само во Македонија, туку и во другите поразвиени земји (спреди Cornille and Maxey, 2013). Во меѓурелигискиот дијалог недостига гласот на теологињите, мирјанки и монахињи. И жените и мажите се соочуваат со најразлични предизвици кои се непосредно поврзани со активностите на најосновното ниво на локалната заедница, но и на нивото на академските студии и во меѓуверските активности. Меѓурелигискиот дијалог е пат што жените и мажите мора да го следат заедно. Во пракса се покажува дека жените се најактивни на тоа основно ниво во локалната заедница, но во јавниот дискурс тие речиси се безгласни. Наодите на оваа кратка студија, имаат цел да ги охрабрат верските заедници да ги согледаат недостатоците и предизвиците со кои се соочуваат теологињите: нивната економска и академска партиципација и можности[4], но, исто така, и да го истражат потенцијалот што го имаат тие за нивниот сопствен напредок, како и за развојот на верските заедници и на меѓуверскиот дијалог. Овој труд ја истакнува потребата да се осигурат можности за напредување и поволна работна средина во која теологињата може да учествува во клучните

[4] „Во Извештајот за *Глобалниот родов јаз* на Светскиот економски форум, земјата [Македонија] е рангирана многу над просекот според образовните достигнувања, здравјето и преживувањето и политичкото зајакнување, додека под просекот за економската партиципација и можностите“ (Sproule и др., 2019, vii).

процеси на одлучување во рамките на верската заедница и активно да се вклучи во меѓуверскиот дијалог.

Во православната традиција на нашите простори, достоинството и улогата на жената во духовната сфера отсекогаш бил по примерот на Мајката Божја, за која Црквата, уште на Третиот вселенски собор во Ефес (431) ѝ го даде епитетот Богородица (грчки: *Θεοτόκος*). Богородица Марија има големо значење и важно место во Црквата, токму затоа што беше личноста што ја очекуваа сите родови, и таа Му даде човечка природа на Логосот Божји, го роди Бога како човек. Така личноста на Богородица е тесно поврзана со Личноста Христова. Значењето на Богородица не се должи само на нејзините добродетели, туку, пред сè, на плодот на нејзината утроба. Затоа теотохологијата (учењето за Богородица), најчесто е поврзана со христологијата.

Комплементарниот сооднос меѓу жената и мажот ги наоѓа своите корени во Посланието до Коринтјаните, каде што ап. Павле појаснува дека Светиот Дух на секого му дарува разни дарби, па како и деловите од телото што подеднакво се грижат едни за други, така и даровите содејствуваат меѓусебно за заемно добро (1 Кор 12). Католичката црква, исто така, го негува комплементарниот пристап како Православната Црква. Жените и мажите имаат одделни, комплементарни, но еднакви улоги во бракот, семејниот живот и во Црквата. Папата Павле Втори меѓу првите говореше на оваа тема меѓу 1979 и 1984 година, за подоцна да ги објави своите беседи во *Теологијата на телото*, појаснувајќи дека мажественоста на Адам и женственоста на Ева реципрочно се комплетираат една со друга: „[мажот и жената] стануваат дарови еден за друг преку нивната мажественост и женственост“ (Insegnamenti, 3, no. 1 [1980]: 11–15, par. 2). Папата Франциск, надополнувајќи се на овие зборови, ќе рече: „Да се размислува за комплементарноста не е ништо помалку од тоа да се размислува за динамичните созвучја што лежат во суштината на Создавањето […] Тоа не само што е добро, туку и убаво“ (Francis, 2015, 2-3). Евангелско-методистичката црква го застапува егалитарниот поглед по однос на улогата и местото на жените и мажите во Црквата. Нивната улога и место не се родово детерминирани, туку определени според нивната дарба или способноста. Ваквата промена во парадигмата ѝ овозможува на оваа верска заедница да има жени пастори, спротивставувајќи се на привилигирањето на едниот

пол. Жените и мажите се „подеднакво спасени, подеднакво исполнети со Светиот Дух и подеднакво испратени [на мисија]… тоа не значи дека нема разлики помеѓу мажите и жените [...] туку дека и двајцата го образуваат Бог со тоа што се одговорни управители на создавањето и меѓусебни слуги еден на друг“ (Van Leeuwen, 1991, 36; спореди Volf, 1996). Што се однесува до нормативните учења на исламот, според Жилка Спахиќ-Шиљак, „[т]радиционалните хиерархиски пораки кои ги нагласуваат комплементарните родови односи остануваат доминантни и покрај пораките на Куранот кои се егалитарни и кои даваат простор за партнерство на жените и мажите“[5]. За разлика од ортодоксниот јудаизам, реформативниот јудаизам покажува посветеност на егалитарните принципи. Според Силвија Барак Фишман, како резултат на напорите за рамноправни граѓански права во последново столетие, егалитаризмот доби зголемено значење: „егалитаризмот е свет принцип, а за некои тоа има поголема духовна важност и моќ отколку што има рабинскиот закон“ (Barack Fishman, 1999, 165). Верниците од реформативниот и традиционалниот јудаизам настојуваат на тоа дека тие многу повеќе ја промовираат еврејската религија бидејќи преку целосното учество на жените повеќе луѓе имаат пристап до верскиот живот (Rubel, 2010).

## Позицијата на жената во верските образовни институции

Движењето за политичка и општествена еманципација и борбата против дискриминацијата на жената во општеството и семејството во денешно време: дискусиите, декларациите и акцијата на планот на достоинството на жената, ги поттикнаа црквите и верските заедници повторно да расправаат за местото и корисното присуство на жената во црковниот (верскиот) живот.

Во поновата историја на Православната црква (МПЦ-ОА) и на Исламската верска заедница (ИВЗ), како заедници со поголем број на верници од останататите верски заедници

[5] In Bona Fide: https://www.inbonafide.org/2020/09/27/zilka-spahic-siljak-tradicijske-hijerarhijske-poruke-koje-isticu-komplementarne-rodne-odnose-ostaju-dominantne-unatoc-porukama-kurana-koje-su-egalitarne-i-koje-daju-prostora-za-partnersko-djelovanje/ (Видете повеќе во Spahić-Šiljak, 2007 и 2020).

во државата, се забележува пораст на интересот кај жените и девојките да студираат теолошки науки. Со оглед на тоа дека од осамостојувањето на Македонија (1991) до денес во државата се овозможува да се регистрираат повеќе верски заедници[6] и притоа се отвораат можности да се образоваат подеднакво и жени и мажи, а особено забележителен е зголемениот број на студентки и професорки по теолошките науки на Православниот богословски факултет (ПБФ) и на Факултетот за исламски науки (ФИН), единствените високообразовни теолошки институции во земјата. На почетокот од новиот век, а тоа значи живеење во слободна и самостојна држава, жената почнува постапно да се етаблира и во повисоките сфери на духовното живеење во Македонија. Покрај тоа што жената и понатаму ќе има значајна улога во духовното живеење на својата Црква (верска заедница) и непрестано ќе ја извршува својата харитативна дејност, нашето истражување покажува дека денес жената е и теологиња (богословка); таа е активно вклучена во издавачката дејност на својата Црква (верска заедница), во администрацијата на архиепископијата и на епархиите, во женските манастири, во наставата по предметот „Етика во религиите“ во основните државни училишта и веронаука (верска поука) во храмовите (црквите, синагогите и џамиите), во пасторалниот живот и во работата на Каритас, на теолошките факултети како професорка и наставничка и/или раководителка во медресата (средно теолошко училиште).

Со оглед на ваквиот развој на можностите и перспективите на жените теологињи во Македонија, пред нас се поставува еден значаен јазичен предизвик. Во корпусот на официјалниот современ македонски јазик регистрирани се две именки: *теологија* и *теолог* (од латинско потекло), наспроти *богословие* и *богослов* (од црковнословенско потекло). Иако *теологија* (*богословие*, ср. р.) е именка од женски род, во македонскиот јазик се чини дека нема трага од определбата за женски род на изведените именки *теолог* и *богослов* - оној/онаа што се занимава со теологија. Бидејќи сè повеќе жени активно се вклучуваат во животот на верската заедница на работни позиции што во минатото биле доминатно извршувани од мажи, потребно е да се обнови зборовниот фонд и да се исковаат нови

[6] Според Комисијата за верски заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) досега во државата регистрирани се 20 цркви, 10 верски заедници и 13 религиозни групи (https://www.kovz.gov.mk/pocetna/pregled.nspx).

зборови во нашиот јазик: *теологиња* (по принципот на зборообразувањето на именките *монах* и *монахиња*) и *богословка* (според именката *професор* и изведенката *професорка*). Овој мал јазичен експеримент ни укажува за неопходноста од дебата во јавниот живот на нашето општество во областа на богословските науки. Мотивот да се пишува на зададената тема се роди токму од недостигот од истражувања спроведени од теологињи во Македонија. Со ова истражување сметаме дека ќе се пополни празниот простор на полето на теолошките науки да се пишува за улогата на жената во контекст на верските заедници од женска перспектива: да се раскаже нејзината приказна, нејзината историја, односно *ѝсторија* (*herstory*). Улогата на жената и нејзината непосредна вклученост во работата на образовните теолошки институции и верски заедници во земјата носи голема одговорност, но и поттик и мотивација за помладите генерации на жени да се охрабрат за теолошките студии и активно да учествуваат во верскиот живот, но и во меѓуверскиот дијалог во локалните заедници и во македонското општеството воопшто[7].

**Подемот на жената низ призма на новата историја на Македонската православна црква-Охридска архиепископија**

Во поновата историја на Македонската православна црква-Охридска архиепископија (МПЦ-ОА) се забележуваат пет исклучително важни настани: возобнувањето на МПЦ-ОА и основањето на Македонската православна богословија во Скопје (1967), оформувањето на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ (1977), целосниот превод на Библијата на македонски јазик (1990) и процесот на признавањето на нејзината афтокефалност (2022).

Одлуката на Светиот синод на МПЦ-ОА да се оформи Православниот богословски факултет (ПБФ) во Скопје е важна од неколку аспекти: на православните верници во

[7] Според Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, за 2022 година, „Комисијата за верски заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) се охрабрува да организира меѓурелигиски дијалог и да ја подобри соработката меѓу религиските групи“ (*Commission Staff Working Document: North Macedonia 2022 Report*, 27). Следејќи ги препораките на Европската комисија, КОВЗРГ веќе најавува своја програма за следната година. Останува да видиме дали и во која мера нивната програма ќе ги испочитува начелата за родова еднаквост.

Македонија им се овозможува да студираат православна теологија во сопствената татковина, и МПЦ-ОА, како институција, за првпат ги отвора вратите на својот храм на теолошките науки, не само за момчињата-студенти и богослови, туку и за девојките-студентки, идни богословки и теологињи, наспроти Богословијата, која претставува петгодишно средно интернатско училиште исклучиво за момчиња.

Статутот и актите на факултетот се донесуваат, не само според Уставот на Македонската православна црква, туку и според прописите и одредбите на Законот за високото образование по примерот на најстариот државен факултет во Македонија, Филозофскиот факултет (1920). Во првата генерација на дипломирани студенти на ПБФ, од вкупно девет кандидати, меѓу кои и Ацо Гиревски (протоереј-ставрофор и декан на ПБФ, 2008-2016), Никола Поповски (митрополит Кирил) и Гаврил Парнаџиев (епископ Гаврил), се забележува и името на една жена – Мира Тасеска. Во 1983 година, факултетот приредил свечена духовна академија и биле врачени првите дипломи. Во 1992 година, на 15-годишниот јубилеј, факултетот го посетуваат мошне значајни гости од тогашната заедничка држава Југославија: деканите на љубљанскиот, загребскиот и белградскиот теолошки факултет. Во текот на следните години, факултетот ќе продолжи да развива блиска соработка со повеќе европски образовни институции, национални библиотеки и теолози од регионот, како што се језуитскиот свештеник проф. д-р Предраг Белиќ од Загреб и проф. д-р Владета Јеротиќ од Белград, а своевремено настава по Староеврејски јазик ќе изведува Цадик Данон, рабин од Белград (1979/80). Во текот на првите петнаесет години на факултетот ќе се образоваат 566 студенти, како за свештенослужителска, така и за наставна служба, од кои незначителен процент се жени. Меѓутоа, во учебната 1996/97 година, на дваесетгодишнината од основањето на факултетот, биле запишани вкупно 175 редовни студенти од кои 64 се женски (36,5%), односно од вкупниот број запишани студенти 248, 79 биле женски (31,8%) (Гиревски, Извештај на ПБФ, 1997).

Годинава, Теолошкиот факултет во Скопје прославува 45 години од своето постоење и може да се пофали со своите додипломски, постдипломски и докторски студии, со својот статус на придружна членка на најстариот универзитет во Македонија, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ (1949), со својата меѓународна соработка со останатите теолошки

факултети од Европа и регионот и со својот подмладен високостручен кадар. По примерот на другите теолошки факултети во соседството и тука почна да се крши мразот за еднаква родова застапеност на жените теолози, односно теологињи, што останува за во иднина еден од поголемите предизвици за оваа високообразовна институција.

Најзначајните реформи на ПБФ по ова прашање се случуваа во периодот меѓу 2008 и 2015 година[8] кога за првпат на факултетот беа примени осум асистенти, а им се овозможи напредување во научно-наставните звања на две жени, денес професорки на факултетот: д-р Марија Гиревска и д-р Анета Јовковска. Она што загрижува е што во последниве две децении, факултетот бележи значителен пад во интересот за студирање кај женската популација. Општото мнение е дека тоа можеби се должи на изгубените очекувања од државата да се воведе веронаука во основните и во средните училишта, но, наместо тоа, остана да се изучува само „Етика во религиите“[9]. Сепак, потребно е дополнително истражување на ова прашање за да се добие целосна слика за факторите што имаат влијание врз ваквиот исход. Имено, од интервјуто со монахињата Ефимија Зајковска, педагог[10], православна теологиња и социјална работничка, магистранд на Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски“ (УКИМ), се извлекува заклучокот дека „потребна е социјална сигурност [...] и зацврстување на положбата на теологињата во општеството, и тоа преку:

[8] Станува збор за мандатот на деканот, протојереј-ставрофор проф. д-р Ацо Гиревски (2008-2016). Имено, во тој период, факултетот стана придужна членка на најстариот државен универзитет УКИМ (2009) и се имплементираше ЕКТС според упатствата на УКИМ и Болоњската декларација (Извештај за самоевалуација, 2013, 5); во 2013 година се воспостави меѓународна соработка со четири теолошки универзитети во Романија и со Московската духовна академија, со Санктпетербуршката академија во 2014 и со Папскиот универзитет Урбанијана во Рим (Италија) во 2015 (6; сп. Извештај за самоевалуација, 2021, 11). Според Извештајот за самоевалуација на ПБФ (2021) на факултетот се одржува настава по пет студиски програми: православна теологија (прв циклус, 1977), втор циклус едногодишни студии (2015), втор циклус двегодишни студии (2015) (Гиревски, 2015, 233-235), а од 2018 година има и трет циклус докторски студии и оформени се специјалистички студии по методика на религиската настава (2020).

[9] За разлика од деведесетите години од минатиот век, кога на ПБФ студирале повеќе девојки (со осамостојувањето на Македонија и нејзиното одвојување од некогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, православните вернички и верници покажаа силен интерес за богословските науки на ПБФ) затоа што „се очекуваше дека во основните училишта ќе има веронаука и дека девојките откако ќе го завршат факултетот ќе бидат ангажирани и во образованието“ (интервју со Ѓоко Ѓорѓевски, декан на ПБФ: Цветковска, А. Интервју за МИА, 3.12.2022).

[10] Македонскиот јазик нема можност да образува форми во феминатив од повеќе професии и титули, меѓу кои и *педагог, магистранд, докторанд* итн. Оттука, ваквите називи се употребуваат наизменично и за жени и за мажи.

сигурно и компатибилно на стекнатото теолошко образование работно место, што повлекува сигурни финансиски бенефиции, но и отворање на нови државни работни места, кои би биле рефлексија од постоењето на некои нови теолошки студиски програми“[11]. Во насока на унапредувањето и осовременувањето на наставната програма во додипломските студии на Православниот богословски факултет, и во насока да се овозможи изразување на креативноста и интелектуалниот потенцијал што го поседува жената, монахињата нагласува дека неопходно е да се понудат „студиски програми кои би третирале повеќе катихетски, социјални и културолошки, отколку литургиски дисциплини“. Таа грижливо додава, „[с]екој е повикан многу одговорно да го оправда големиот и штедар дар што го добил од Бога - да сведочи за Него каде и да е“, а жените, монахињите и мирјанките, го имаат и дарот „во позитивна насока да го менуваат квалитетот на животот во општеството преку нивниот неповторлив емотивен внатрешен свет“. А Светото писмо ни сведочи за храбрите жени, меѓу кои и судијката и пророчицата Девора, која ќе ги предводи Варак и Израилевите синови за Кедес „зашто во женска рака ќе го предаде Господ Сисера“ (Суд 4:9; сп. 5:7); царицата Естира која ќе се заложи за својот народ; пророчицата Мирјам, сестрата Мојсеова и Арнонова, која помогна да се спаси Мојсеј како бебе и ги предводеше останатите жени со тимпани и со игра (2 Мојс 15:21); Авигеја чиј глас ќе го послуша царот Давид (1 Цар 25:35); Марта и Марија кои го сведочеа воскреснувањето на Лазар (Јн 11:17-24), а Марија Магдалена на која прв ѝ се јавува воскреснатиот Христос (Јн 20:11-16). Тука се и ѓаконисата Фива, „служителка[та] на црквата во Кенхреја: примете ја во Господ, како што им прилега на светии“, ќе порача ап. Павле (Рим 16:1-2) и многу други жени од Новиот завет за кои раната христијанска Црква бележи дека црковната улога не била лимитирана само за мажите.

Што се однесува до можностите за теологињите во другите градови во внатрешноста, покрај административните дејности, од 2009 година е воведен предметот „Етика во религиите“ за шесто одделение во основните училишта. Меѓутоа, без поддршка од

[11] Сите цитати во понатамошниот текст, освен ако не е поинаку означено, се однесуваат на интервјуто со монахињата Ефимија Зајковска од женскиот манастир „Свети Георгиј Победоносец“ во Рајчица во текот на август и септември 2022 за потребите на ова истражување.

епископот/митрополитот на соодветната епархија, теологињите се соочуваат со нерамноправна застапеност на пазарот на трудот. Од нашите разговори со православните теологињи произлезе заклучокот дека теолошко образованата жена едвај врши една дејност, во одредени случаи и таа наставна дејност ѝ е нестабилна, па дури и работното место во училиштата ѝ е загрозено за разлика од нејзините колеги теолози, кои со силна поддршка од раководството на епархијата извршуваат истовремено дури и по три дејности, од наставник и благајник до ѓакон. Денес, теологињите стравуваат за својата иднина на ова работно место, бидејќи најавени се реформи во основното образование и укинување на овој предмет за шесто одделение од следната учебна година. Повеќе од неопходно е создавање механизми за поддршка на теологињите, за развој на кариерата и процесот на работата.

Православната христијанка може да оствари цела низа на служби во Црквата: во областа на литургиската, пастирската, катихетската, учителската, мисионерската и општествената дејност. Посебно внимание заслужува женското монаштво поради својот придонес во напредувањето на жената во Црквата. Дискриминацијата и потчинетоста на жената се спротивни на христијанските начела во Црквата (Гал 3:28). Уште во Новиот завет жената беше повикана да ја има главната улога и во историјата на Спасението и во животот на Црквата. Жените имаат различни служби, харизми и улоги во Црквата од самиот почеток. На пример: дар (харизма) на пророштво (1 Кор 11:5); одговорност за молитва (Дела 1:14, 12:12; 1 Тим 5:5); поучување (Тит 2:3-5); организирање на богослужење во нивните куќи - домашната црква (1. Кор 16:9; Кол 4:15); проповедање на Евангелието и поучување (Рим 16:3; Дела 18:24-26; Филип 4:3). Две категории на служби, кои што се спомнуваат одвоено се: *ѓакониската* (Фива, Рим 16:1; 1 Тим 3:11) и *вдовичката*, кои имаат точно одредена улога (1 Тим. 5:9:12) и за тие служби потребни се извесни услови (1 Тим 3:1-13; 5:9-10) (сп. Брија, 1999: 168-70).

Традиционално, во православното христијанство, постојат низа на задачи, кои стојат пред жените како учеснички во парохијата (или црковната институција): воспитување и христијанско образование, почнувајќи од црковно-парохиските училишта до високото теолошко образование во богословиите и факултетите; пастирско советување на брачните двојки, семејството, подготовка за брак, за крштевање, грижи за луѓето во несреќи; црковна

администрација, учество во правните тела и одборите - парохиски, епархиски и архиепископски; христијанско милосрдие и социјални услуги, вклучувајќи ја грижата за старите, работа во болниците, како и помош на сиромашните и незгрижените; раководење со хорот на богослужението; читање на Апостолот на Литургијата; пеење во хорот; пеење и читање зад певницата; иконографија; работа со младината; учество во црковни делегации на свечености; научна работа и грижа за црковната издавачка дејност. Во некои помесни цркви жените веќе имаат можности да работат во сферата на дигитализацијата и во одделот за односи со јавноста, сфаќајќи, во ова време, колку важна улога играат медиумите врз формирањето на јавното мислење.

Во контекст на заложбите за родова еднаквост, потребно е повторно преиспитување на традицијата на патријахалното општество, што само по себе налага и посмели чекори. Во таа смисла, вселенскиот патријарх Вартоломеј направи историски чекор кога одлучи да вклучи две жени меѓу шесте негови советници, кои го советуваа на Сеправославниот собор што се одржа на Крит во 2016 година. Станува збор за Теоксенија, игуменијата на манастирот „Хрисопиги" на Крит и Елизабет Продрому, професорка на „Флечер" школата за право и дипломатија (Разрешување конфликти и преговори) на универзитетот „Тафтс" во Бостон, поранешна потпретседателка на американската Комисија за меѓународна верска слобода. Третата жена-делегат, сестра Ракела од манастирот „Мироносици" во Драч, беше повикана на покана на архиепископот Анастасиј од Албанија.

Продрому, по повод своето учество во делегацијата на вселенскиот патријарх, во едно интервју вели: „нашата групна интервенција побара Собор кој ќе ја препознае полнотата на црковното тело, вклучувајќи свештеници и мирјани, кои, се разбира, ќе вклучуваат и жени"[12]. Појаснувајќи дека Патријархот со тоа што вклучува жени во делегацијата испраќа важна порака за улогата и перспективата на жените во животот на Црквата, порака за сите да ја чујат, таа додава:

[12] Greek Orthodox Archdiocese of America (2016) https://blogs.goarch.org/blog/-/blogs/precedent-setting-participation-by-women-at-the-hgc

> Дека тука има жени зборува за визионерското раководство на Неговата Светост ... Јас би се обложила дека неговата позиција не беше лесно прифатена од некои; на крајот на краиштата, сметајте дека ние сме само три жени во целост од сите делегации. Тој е водач кој ја изразува својата посветеност за закрепнување, одржување и оживување на полнотата на црковното тело – или кажано на народен јазик, тој го практикува она што го проповеда. (*Истото*)

Овој собор испрати надежна порака дека соборите на сите нивоа на Црквата мора да вклучуваат мирјани, а со тоа, исто така, и жени. По примерот на Првиот меѓу еднаквите, Вселенскиот патријарх Вартоломеј, можеме и мораме да дадеме и ние пример како помесна црква, без страв и без двоумење, како што потенцира и Продрому, бидејќи ова е критично за сегашноста, а особено за идната виталност на сите нас како Црква.

## Можностите на жената во Католичката црква во Македонија

„Вероучителите во Католичката црква во Македонија имаат света должност наложена од црковните власти да ги учат младите и децата на меѓусебно разбирање, толеранција и љубов", ќе соопшти бискупот скопски, монсињор д-р Киро Стојанов на Интернационалната меѓурелигиска конференција во 2002 година (Стојанов, 2004: 115). Во духот на овие зборови на соживот и дијалог, Католичката црква со векови се развива на овие простори, а првите потврдени податоци водат кон вториот век кога се формирала надбискупијата во тогашното Скупи, со што се смета дека тогаш се основала и скопската парохија. Денес, Католичката црква е трета верска заедница по бројност. Во неа се вбројуваат христијанските верници од двата обреда - Источен (византиски или македонски) и Западен (латински или римски) (Стојанов, 2018). Иако помалобројна од Православната или од Исламската верска заедница, Католичката црква има богато развиен верски живот, а новата катедрала „Пресвето Срце Исусово" се наоѓа во централното подрачје на Скопје. „Првата Католичка црква во Скопје се спомнува во еден документ од 20 јули 1550 година", во кој се откриваат имињата на познати трговци католици во Скопје, пред сè Дубровчани"[13]. На местото каде

[13] Католичката црква во Скопје низ времето. (2022, 15 јули). *Kovz.gov.mk*. https://www.kovz.gov.mk/ns-newsarticle-katolickata-crkva-vo-skopje-niz-vremeto.nspx

што сега се наоѓа Спомен-куќата на Мајка Тереза, во 1902 година била изградена бускупската резиденција и катедралата посветена на Пресветото Срце Исусово. За време на Втората светска војна, бискупската резиденција била урната, а со скопскиот земјотрес од 1963 година катедралата била значително оштетена, за потоа да се возобнови во 1983 година во нов пасторален простор.

Во рамките на Катедралната парохија „Пресвето Срце Исусово“ во Скопје функционираат четири монашки заедници: сестри Евхаристинки, сестри Усмиленки, Мисионерки на љубовта и Движењето на фоколарите. Она што е автентично за овие простори е редот на сестрите Евхаристинки, кој се создал токму на територијата на Македонија, односно во 1889 година во Солун, а во 1973 година во Скопје. Нивната главна харизма е христијанското воспитување на децата и младите, помош во парохискиот пасторал и во работата на Каритас. Во скопската парохија има и три чесни сестри од редот „Ќерки на христијанска љубов“ (Усмиленки), кои се активно вклучени во парохиската катехеза и грижата за сиромашните. Сестрите Мисионерки на љубовта, ред основан од скопјанката света Мајка Тереза, во парохијата главно се грижат за воспитување на децата, катехезата, и посебно за сиромашните, носејќи им храна. Првите заедници на Движењето на фоколарите во Македонија датираат од 80-тите години на минатиот век, а од 2007 година формиран е женскиот фоколар. Денес се активни четири фоколарки (лаици), кои се грижат за воспитанието на малите деца на претшколска возраст, промовирање на културата на дијалог и соживот, парохиска катехеза и други парохиски активности.

Папскиот државен секретар, кардиналот Пиетро Паролин (Pietro Parolin), зборувајќи неодамна на дводневната конференција во седиштето на УНЕСКО во Париз, во организација на *Меѓународен каритас* на тема женското водство, „Полното лице на човештвото: жените во раководството за праведно општество“[14], нагласи: „[д]ржавите треба да имаат храброст за вложување во паритетно образование во однос на правата, кои сѐ уште премногу често се кршат“, додавајќи дека водството на жените „во подрачјата на

[14] Оригиналниот наслов на англиски гласи: *The Full Face of Humanity: Women in Leadership for a Just Society* (27-18 октомври 2022).

граѓанскиот живот може да произлезе само од квалитетно и инклузивно образование“ (Vatican News; сп. Katolici.mk, 2022). Папата Франциск на 6 ноември 2022 година изјави дека жените, кои во јули годинава ги именуваше во Дикастеријата за епископи[15], откако во јануари 2020 година, за првпат назначи жена на висока позиција во Ватикан, именувајќи ја Франческа ди Џовани, првата жена потсекретар на Државниот секретаријат за односи со државите, докажале дека можат да бидат подобри управители од мажите и дека има премногу машки шовинизам во Римокатоличката црква и во општеството воопшто, нагласувајќи дека „[о]вој шовинизам го убива човештвото“ (Pullella, 2022). „Мораме да ја кажеме вистината. Борбата за правата на жените е континуирана борба“, додава тој во интервјуто за Ројтерс, „[о]пштеството што не е способно (да им дозволи на жените да имаат поголеми улоги) не оди напред“. Тој порача дека „[м]ораме да продолжиме да се бориме за ова бидејќи жените се дар. Господ не го создал човекот, па потоа му дал кутре за да си игра со него. Тој ги создал обајцата еднакви, маж и жена“ (*Истото*).

Во разговор со теологињите од Католичката црква, појаснето е дека следејќи го примерот на папата, се прават напори на „надминување на традиционалистичката бариера за улогата на жените во црковниот живот“, во насока на „освежување на црковниот живот и поглед кон религијата“[16]. Ако појдете на Света миса во католичката катедрала во Скопје, вообичаено е да ги забележите жените (мирјанки и монахињи) како редовно читаат од Апостолот. Покрај катедралниот парох и катедралниот парохиски викар, пасторалниот персонал го сочинуваат и жени. Иако во државата не постои образовна институција за римокатоличка теологија по примерот на загребскиот Теолошки факултет или семинарија, Католичката црква во Македонија има долга традиција на одржување веронаука за деца и млади (девојки и момчиња) во своите храмови, а нејзината соработка и заемна почит со Православниот богословски факултет се потврдува со гостинските предавања на повеќе професори (католички) теолози.

[15] Дикастерија претставува ватиканско тело што му помага на папата во именувањето на епископи.
[16] Интервју за потребите на ова истражување со м-р Ена Абјаниќ Чаусидис (септември 2022).

**Позицијата на жената во Еврејската верска заедница**

Еврејската заедница во Македонија (ЕЗРМ) е неоткинлив дел од културната разноликост и верски плурализам на овие простори, а Меморијалниот центар на холокаустот сведочи за трагичната судбина на жителите на некогашното Еврејско маало на влезот од Скопската чаршија. Најстарата синагога вон границите на Израел, е пронајдена на локалитетот Стоби, на 80 км оддалеченост од Скопје. Всушност, станува збор за две синагоги од кои постарата, Синагога I, датира од 2 век, а поновата, Синагогата II, била подигната кон крајот на 3 и во почетокот на 4 век н.е. (*Stobi*, 2010). А од натписот на некогашната скопска синагога „Бет Ахарон" (1366), се дознава дека Еврејското маало во Скопје се формирало уште во средниот век. Од 1492 до 1496 година, со прогонот на Евреите од Шпанија и од Португалија, се зголемил бројот на скопската еврејска заедница, во која доселените Евреи зборувале ладино или јудео-шпански. „По Првата светска војна, целосно се уништени еврејските заедници во Дојран, Струмица, Прилеп, Велес, Удово, Гевгелија и во Куманово, а членовите на другите заедници масовно се селат во Солун."[17] Веднаш по завршувањето на војната (1944), преживеаните Евреи ја продолжуваат долгата традиција на еврејските општини во државата и ја обновуваат Еврејската општина во Скопје. По осамостојувањето на државата (1991), Еврејската заедница се одделува од Сојузот на еврејските општини на Југославија и продолжува да работи независно. Денес таа е единствена Еврејска заедница во Северна Македонија, брои околу 200 членови, од кои најголем број се Сефарди[18]. Синагогата „Бет Јаков", осветена во 2000 година во зградата на Еврејската заедница и уредена според обичаите и традицијата на сефардските Евреи, наследничка на некогашната синагога „Бет Јаков" од 1674 година во чиј двор била сместена и зградата на училиштето „Талмуд Тора", во голема мера придонесе да се обнови религиозната практика во заедницата: храм во кој се практикуваат еврејските обичаи и ритуали, се произнесуваат и читаат молитви. Во рамките на ЕЗРМ формирани се неколку одделни секции за зачувување и унапредување на еврејската култура и традиција:

[17] Сп. Историја на Евреите во Македонија. https://www.ezrm.org.mk/istorija-na-evreite-vo-mk
[18] Историја на ЕЗРМ. https://www.ezrm.org.mk/istorija-na-ezrm/

библиотека, детското катче „Крал Давид“, тинејџерската секција, младинскиот клуб „Анахну“ (*ние* на хебрејски), во кој членуваат млади од 19 до 30 години, клубот на средната генерација и женскиот клуб „Иша“ (*жена* на хебрејски) преку кој жените учествуваат во различни хуманитарни акции и дејности со кои се негува еврејската традиција и култура и се овозможува афирмација на заедницата. Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија (2002), изграден во некогашното Еврејско маало во Скопје (кое се наоѓало на левата страна на реката Вардар, меѓу Камени мост и тврдината Кале, а било целосно уништено со земјотресот од 1963 година), со својата постојана музејска поставка оддава трајна почит на своите депортирани сограѓани и од Битола и од Штип[19]: „7144 Евреи биле однесени во Треблинка за никогаш да не се вратат и повеќе од една година никој не знаел ништо за нивната судбина“ (Holocaust Fund, 2022).

Во Македонија се практикува традиционален сефардиски јудаизам. Иако е дозволено произведување на жени рабини, кај нас досега сè уште не се покажал таков интерес. Еврејската заедница во своето работење ги вклучува подеднакво и жените и мажите. Жените со еврејско потекло активно се вклучени во највисоките органи на институцијата на Еврејската заедница, од претседателството до членување во одделни сектори и комисии. Од возобновувањето до денес, во историјата на ЕЗРМ се вбројуваат две претседателки, Бјанка Хелман-Суботиќ (2009-2013) и д-р Берта Романо-Николиќ (2014-2022), кои ќе се паметат по нивниот континуиран придонес во негување на традицијата и културата на Евреите во Македонија, како и зачувување на споменот на жртвите од холокаустот.

Синагогата „Бет Јаков“ и „Меморијалниот центар на холокаустот“ се единствените две институции во кои Евреите можат да ја негуваат својата вера и традиција. За жал, денес не постојат образовни институции во кои се изучува јудаизмот во државата. Во синагогата не се одржуваат редовни служби за Шабат, но има постојани служби за поголемите празници, а службите најчесто ги одржуваат рабини од соседните земји и од САД.

[19] Меморијален центар, https://holocaustfund.org.mk.

**Жената во Исламската верска заедница**

Исламската верска заедница (ИВЗ) ја негува повеќевековната традиција на овие простори пренесена од Отоманската империја. „Иса Бег Медреса“ е единственото средно исламско училиште на ИВЗ, достојниот продолжувач на вековната традиција на првата медреса основана на Балканот, во срцето на Скопската чаршија, медресата на Гази Иса Бег (1445), третиот управител на Скопје, основачот на градот Сараево и освојувачот на Цариград. Посмртно, како негово завештание, изградена е џамијата на Иса-бег во Скопје во 1475/6 година, и таа денес е единствената џамија во градот со две куполи (Коцевски, 2020). Во комплексот на џамијата и медресата постоела и библиотека со повеќе од 320 ракописни книги, вбројувајќи го, притоа, овој книжевен фонд во редот на најголемите библиотеки од 15 век. Во поновата историја на Иса-беговата медреса се забележува годината 1936, кога училиштето одново ќе се активира и ќе се здобие со статусот на средно училиште за подготвување имами, муал-лими и други верски службеници. Во медресата, главно, се изучувале верски предмети, меѓутоа и неколку јазици, како арапскиот, турскиот, францускиот и босанскиот јазик и, секако, предметите општа и национална историја, географија, математика, физика, хемија, логика, психологија и педагогија.

Во текот на следните седум децении, во медресата редовно ќе се запишуваат исклучиво машки студенти со можност заинтересираните студентки да студираат вонредно. Во учебната 2003/2004, за првпат се отвораат посебни женски ограноци на Иса-беговата медреса, овозможувајќи им на девојките редовно да ја посетуваат наставата. Денес егзистираат четири женски ограноци на Иса-беговата медреса: во Скопје, Тетово, Гостивар и во Штип.

Нострификацијата, односно непризнавањето на дипломите за стекнато образование во медресата сè уште претставува горливо прашање во државата (иако, според Законот за правната положба на црквата, верската заедница и религиозната група, тоа прашање се чини дека е решено). Непризнавањето на дипломите од средните верски училишта во државата

создава многу главоболки за цели генерации на ученици и за нивните родители[20]. Ова нерешено прашање создава своевиден парадокс во образовната сфера во Македонија: државата ги признава и нострифицира дипломите на високообразовните верски институции, но не и дипломите од средните верски училишта. За илустрација, последнава декада, средното верско училиште на ИВЗ (Медреса) бележи пораст на запишани ученици, особено ученички. Според Државниот завод за статистика, во изминатата академска година, на Факултетот за исламски науки во Кондово (ФИН, 1997), Скопско, запишани се 276 ученици од кои 148 се женски, односно 53 проценти од вкупниот број запишани ученици. Во медресата се изучуваат вкупно 29 верски и општи предмети. Привлечноста на наставните програми во медресата лежи во комбинираното образование: покрај теолошките предмети, во наставата се вклучени и општите предмети што се застапени во државното гимназиско образование. Општиот впечаток е дека постои забележителен интерес кај девојките да ја изучуваат својата вера, иако во одредени поконзервативни средини, медресата останува единствениот избор за средно образование кај женската популација. Покрај изучувањето на верата и предметите од областа на етиката, како примарен мотив, дел од нашите испитанички, поранешни медресантки, како секундарен мотив го наведоа фактот што „Медресата е единствена[та] образовна институција во РС Македонија каде [што] нема мешање на машки и женски студенти“ за што сметаат дека е мошне „корисно“ за формативните години на „една тинејџерка“ (Мејра Хоџа)[21]. Друга соговорничка, Рукије Мици, муал-лиме (наставничка по верска поука во ИВЗ), активистка и хуманитарка, во разговор ќе рече: „медресата е една од потешките школи [...] бара дисциплина, упорност и одговорност“. Учениците што се од друга етничка припадност се соочуваат со предизвикот на изучувањето на албанскиот јазик на кој претежно се одвива наставата во медресата. Задолжителен предуслов за следење на наставата во медресата или на факултетот е носењето исламска облека (Хиџаб). Хасан Јашари уште во 2006 година пишуваше дека

[20] Поради непризнавањето на дипломите од исламското средно училиште училиште, честопати родителите се одлучуваат да ги испратат своите деца (ќерки и синови) во медресите во соседните земји, најчесто во Тирана (Албанија) и Нови Пазар (Србија).

[21] Сите цитати во понатамошниот текст, освен ако не е поинаку означено, се однесуваат на интервјуата со поранешните медресантки Мејра Хоџа и муал-лиме Рукије Мици во текот на септември 2022 за потребите на ова истражување.

„прифаќајќи ја исламската облека, всушност, жените моделираат јавен простор за себеси“ (*Нова Македонија*, 9 ноември, стр. 11).

По завршувањето на средното четиригодишно образование во медресата, завршените медресантки имаат можности да го продолжат своето образование на Факултетот за исламски науки во Скопје или со посебна дозвола од Бирото за развој на образованието да ги продолжат своите студии на другите факултети во државата, во Босна и Херцеговина, Турција или во арапските земји. Дел од нив се вработуваат во административната служба на министерствата, дел како наставници во женските ограноци на медресата, дел се хафизи (жени што ги знаат стиховите од Куранот напамет, дови на мевлуди, хатми), дел предаваат верска поука или дерс во џамиските мектеби (основни училишта). Наставниот кадар на Факултетот за исламски науки е составен исклучиво од мажи, со исклучок на една жена во административната служба.

Нашите соговорнички - професорки и некогашни ученички во медресата - предочија неколку предизвици со кои се соочуваат во својата работа: на раководните позиции и во управните тела на ИВЗ досега немало и сè уште нема вработени жени теолози, дури ниту во административната служба на верската заедница. Како причина се наведува непоседувањето посебни простории за жени. Жената има право да учествува во процесот на избор на собранието на ИВЗ: има право на глас и да предлага членови во собранието и Џематскиот одбор. Меѓутоа, она што недостасува на нашите простори се студии што би обезбедиле опсежни информации за тоа кои фактори влијаат врз улогата и перспективите на теологињите со што би се обезбедиле податоци за формулирање цврсти политики што ќе ги препознаат потребите на овие жени. Во рамките на институциите на ИВЗ не постојат опсежни истражувања со кои би се добиле релевантни податоци за улогата, можностите и перспективите на жените теолози во нашата држава. Џамиите во Македонија се традиционални, и поинакви од примерот со првата џамија „Маријам“, предводена од жена-имам во Данска, муслиманката Шерин Ханкан, која ги согледува реформите во исламот, не како нешто ново, туку како интегрален дел од неговото предание во насока на преиспитување на патријархалните структури во раководството на религиозното обожавање и образованието и на патријархалните толкувања на Куранот (Sherwood, 2016).

## Позицијата на жената во Евангелско-методистичката црква

Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ)[22] во Македонија е присутна повеќе од 150 години, уште од периодот на Отоманската империја и нејзината структура ја сочинуваат дванаесет евангелско-протестантски цркви со помалку од 7.000 верници (Cacanoska, 2018). Новата црква била осветена на 15 октомври 1989 година. Во 2000 година бил изграден Социјалниот центар, кој во чест на мисионерката Мис Елен Стон бил наречен „Мис Стон центар".

Според податоците од истражувањето на протестантизмот во Македонија на Ружица Цацаноска, освен Обединетата методистичка црква, каде што 80 проценти од верниците имаат протестантско потекло, „повеќето верници од евангелско-протестантските религиозни групи се со православно потекло (од 30 до 95 проценти), а бројот на верници од муслиманската традиција е значително помал" (Cacanoska 2018, 21).

Податоците што се достапни на веб-страницата на ЕМЦ, укажуваат дека во Евангелско-методистичката црква, од локалните заедници, па сè до највисокото светско ниво, т.е. Генералната конференција, сите тела и конференции се избираат на демократски начин. Сите служби се отворени подеднакво за жените и за мажите. Сите одлуки се донесуваат од лаиците и од пасторите заедно. Имаат избрани епископи, кои се надлежни за одредени региони и одговорни за водење на Годишните конференции.

„ЕМЦ има голем придонес за еманципацијата на жените во Македонија и тоа многу порано од појавата на феминизмот во светот", се забележува во историјатот на ЕМЦ, нагласувајќи ја појавата на своите училишта во рамките на црквата, „каде што женските деца учеле да читаат и да пишуваат, [а потоа] своето образование го продолжувале во гимназијата во Битола"[23]. Несомнено, и денес жените играат значајна улога во црквата. Најчести харизми им се: посета на болни, стари и изнемоштени лица, си помагаат меѓусебно, изработуваат ракотворби за продажба, со што ја потпомагаат заедницата.

[22] Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ) е дел од Обединетата методистичка црква (United Methodis Church).

[23] Жени. http://emc.mk/zeni/

Организираат и работилници од областа на здравјето, кои ги води лекар-специјалист. Додека, пак, секоја втора година одржуваат т.н. женски семинар, каде што се разработуваат теми од животот, погледнати од два аспекта: библиски и психолошки. Учесничките се од државава и од земјите од соседството. Жените се на различна возраст, што се покажува како огромна предност, особено во размената на искуствата и знаењата.

Жените во ЕМЦ од Македонија се член на Светскиот молитвен ден. Веќе 15 години го уредуваат женското списание „Харизма", посветено на потребите на жените. Во соопштението се наведува дека „[п]олот не игра никаква улога во врска со проповедничката служба. Секоја жена може да биде проповедничка и да служи на словото Господово"[24].

Наши соговорници при ова истражување, меѓу другите, беа и теологињата м-р Нада Милкова, пасторка и ко-основач на Балканскиот институт за вера и култура (БИВК/BIFC, 2011) во Скопје и нејзиниот сопруг, пастор и писател, д-р Коста Милков, претседател на БИВК. Овие двајца теолози, преку својот личен пример на екуменска соработка и меѓурелигиски дијалог, се едни од најважните двигатели и помагачи на културниот живот во градот. Нивната издавачка куќа и уметничка галерија „Метаноја" е едно од највиталните јадра во срцето на Скопје. Летната академија „Теологија за живот" и проектот „Оксфордски конекции"[25], како и многубројните предавања и курсеви организирани во рамките на Балканскиот институт за вера и култура даваат голем придонес во збогатувањето на преводната теолошка литература на македонски јазик, промоција и поддршка на млади уметници и писатели, гостувања на домашни и странски реномирани теологињи/теолози и млади научници во насока на градење мостови на меѓурелигиски дијалог.

## Заклучок

Истражувањето настојуваше да ги анализира позицијата и можностите на теологињите во поголемите верски заедници во Македонија. Тоа покажа дека можностите на теологињите се во тесна поврзаност со учењето на верата и преданието, но и со

[24] Истото.
[25] Овие две програми носат наслови на англиски јазик: Theology for Life и Oxford Connections.

културните навики и убедувања во општеството. Жените имаат одредени можности да дејствуваат и да напредуваат во рамките на своите верски заедници во Македонија (кои се најчесто предводени од мажи) и да преземаат одговорни улоги особено во воспитно-образовниот процес и харитативната дејност, но и да сведочат за својата вера со својот личен пример. Во поглед на можностите за образование на девојките и жените да изучуваат теолошки науки, во Македонија постојат само три институции, од кои две се високообразовни (Православниот богословски факултет и Факултетот за исламски науки) и едно средно верско училиште (женски паралелки во медресата[26]). Ниту жените, ниту, пак, мажите, кои сакаат да студираат католичка теологија или јудаизам, немаат пристап до официјално теолошко образование во својата верска заедница бидејќи сѐ уште не постојат соодветни институции во државата. Тоа треба да биде предмет на подлабоки анализи на богословските училишта, како и од страна на специјализираните истражувачи.

Во насока на одомување на зборот *теологиња* во нашиот јазик и на неговата поприфатлива употреба во општеството, и поради насушната потреба од рамноправна застапеност и вклученост на жените во јавниот и црковен живот, потребно е се поттикне отстапување дел од јавниот простор и дискурс на едуцираните теологињи, но и можности за нивно напредување на високообразовните теолошки институции: да се вклучи жената како дел од заедницата, или како што поучува преданието на православната Црква: како дел од полнотата на црковното тело, како личност која има своја интелектуална перспектива на теологијата, која има свој призив и улога во светот.

[26] Отворањето на женските паралелки во медресата е уште еден показател за зголемениот интерес кај жените да студираат исламски науки.

***Abstract***

**The Role of Women In Building Bridges of Interreligious Dialogue in Macedonia: The Education of Women Theologians**

Given that there are almost no data nor research studies on the opportunities that women theologians have today in their religious communities and spiritual institutions in the Republic of North Macedonia, for this research, the opinions and attitudes of several sources were obtained and analyzed from the interviews carried out on a representative sample of the five largest religious communities in North Macedonia (Constitution, Article 19): the Macedonian Orthodox Church-Archdiocese of Ohrid, the Catholic Church, the Evangelical Methodist Church (United Methodist Church), the Jewish religious community and the Islamic religious community. The research was conducted over the course of four months (June-September, 2022). The research study focuses on the main challenges and opportunities for the active role of women theologians employed in spiritual institutions and the measures and recommendations for improving their status. The purpose of the research is to stimulate interest in researching the position of female theologians in the spiritual institutions in Macedonia.

*Keywords*: women, female theologians, interreligious dialogue, religious education, Republic of North Macedonia

**ПЕЧАТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Barack Fishman, S. (1999). Negotiating Egalitarianism and Judaism: American Jewish Feminisms and Their Implications for Jewish Life. In R. Rosenberg and C.I. Waxman (Eds.), *Jews in America: A Contemporary Reader*, Hanover, N.H.: Brandeis University Press.

Cacanoska, R. (2018). Protestantism in Macedonia Today, *Occasional Papers on Religion in Eastern Europe*: Vol. 38 : Iss. 1 , Article 4. Available at: https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol38/iss1/4.

Cohen, C. L. and Numbers, R. L. (Eds). (2013). *Gods in America*. New York: Oxford University Press.

Francis. (2015). Not Just Good but Beautiful. In H. Alvaré. and S. Lopes (Eds.), *Not Just Good, but Beautiful: The Complementary Relationship between Man and Woman* (1-5), New York: Plough Publishing House.

Girevska, M. (2017). The Odyssey of Archbishop Gavril's Translation of the Bible, *Occasional Papers on Religion in Eastern Europe*: Vol. 37: Iss. 4, Article 9. Available at: https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol37/iss4/9

John Paul II. (2006). *Man and Woman: He Created Them: A Theology of the Body* (M. Waldstein, Trans.). Boston: Pauline Books & Media.

Rubel, N. L. (2010). *Doubting the Devout: The Ultra-Orthodox in the Jewish American Imagination*, New York: Columbia University Press.

Spahić-Šiljak, Z. (2007). *Žene, religija i politika: analiza utjecaja interpretativnog religijskog naslijeđa judaizma, kršćanstva i islama na angažman žene u javnom životu i politici u BiH*, Sarajevo: Internacional multireligijski i interkulturni centar IMIC Zajedno.

Spahić-Šiljak, Z. (2020). Gender Justice and Islam: For Male Two and For Female One Qurban. Why?, *Occasional Papers on Religion in Eastern Europe*: Vol. 40 : Iss. 10 , Article 4. Available at: https://digitalcommons.georgefox.edu/ree/vol40/iss10/4

Sproule, K., Dimitrovska, N., Risteska, M., Rames, V. (2019). *USAID/North Macedonia Gender Analysis Report*. Prepared by Banyan Global.

Брија, Ј. (1999). *Речник православе теологије*, (енисокоп источно-амерички Господин Митрофан (Кодић), Прев.), Београд: Хиландарски фонд при Богословском факултету СПЦ.

*Водич за запознавање со исламот*. (2020). Скопје: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи.

Гиревски, А. (1996). Извештај на Православниот богословски факултет (лична архива).

Гиревски, А., Михаил, А. и Гроздановски, Р. (уред.). (1992). *Јубилеен зборник: 15 – години Православен богословски факултет (1977-1992)*, Скопје.

Гиревски, А. (2014). *Православен богословски факултет: (1977-2012)*, Скопје: Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“.

Гиревски, А. (2015). *Втор циклус студии на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје,* „Весник“, *Службен лист на МПЦ-ОА*, број 5, 233-235.

Димевски, С. (1989). *Историја на Македонската православна црква*. Скопје: Македонска книга.

Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („*Сл.весник на РМ*“ бр.113/07).

*И тие се тука: Водич низ учењата на помалку застапените верски групи*. (2019). Скопје: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи.

*Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје*. (2013). Скопје: УКИМ.

*Извештај за самоевалуација на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје*. (2021). Скопје: УКИМ.

Илиевски, Д. (1972). *Автокефалноста на Македонската православна црква*. Скопје: Заедница за издавачка дејност при НИП „Нова Македонија“.

Исени, Б. (2009). „Меѓу лаичкиот национализам и инструментализацијата на исламските верски институции“. Во *Исламот и политиката на Западен Балкан*, Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), стр. 19-54.

Јашари, Х. (2006). „Жената во исламот“, *Нова Македонија*, 9 ноември, стр. 11.

Стојанов, К. (2004). „Дијалогот да се заснова врз основите кои спојуваат: придонес за зајакнување на односите помеѓу црквите и религиозните заедници во Македонија“, во Пол Мојзес и Леонард Свидлер (уредници), *Градење доверба помеѓу црквите и верските заедници во Македонија преку дијалог,* Philadelphia: Ecumenical Press.

## ИЗВОРИ НА ИНТЕРНЕТ (ЕЛЕКТРОНСКИ ИЗВОРИ)

Anic, R. (2019). Žene i službe u Katoličkoj crkvi: mogućnosti, stanje, perspektive, Bogoslovska smotra, Vol. 89 No. 4**,** Пристапено на 14.08.2022, од https://www.researchgate.net/publication/339432794_Zene_i_sluzbe_u_Katolickoj_crkvi_mogucnosti_stanje_perspektive

Commission Staff Working Document: North Macedonia 2022 Report. (2022). Пристапено на 10.11.2022, од https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en

Greek Orthodox Archdiocese of America. (2016, November 20). Precedent-Setting Participation by Women at the HGC. Пристапено на 06.11.2022, од https://blogs.goarch.org/blog/-/blogs/precedent-setting-participation-by-women-at-the-hgc

Pope Francis says he will appoint women to Dicastery for Bishops. (2022, July 6). *Vatican News*. Пристапено на 06.11.2022, од https://www.vaticannews.va/en/pope/news/2022-07/pope-francis-says-he-will-appoint-women-to-dicastery-of-bishops.html

Pullella, P. (2022, November 6). *Reuters*. Pope says women's rights fight is 'continuous struggle', condemns mutilation. Пристапено на 06.11.2022, од https://www.reuters.com/world/europe/women-managers-have-improved-vatican-more-than-men-pope-says-2022-11-06/

Reform Rabbis Debate Women's Ordination. *Jewish Women's Archive*, Пристапено на 01.11. 2022, од jwa.org/thisweek/jun/30/1922/ccar

Sherwood, H. (2016, August 26). Women lead Friday prayers at Denmark's first female-run. *The Guardian*. Пристапено на 08.11.2022, од https://www.theguardian.com/world/2016/aug/26/women-lead-friday-prayers-denmark-first-female-run-mosque-mariam

Vatican News. (2022, October 27). The Full Face of Humanity: Women in leadership for a just society - 27 Oct, morning [Video]. YouTube. Пристапено на 08.11.2022, од https://www.youtube.com/watch?v=CZC1iIYRSyk&t=1964s.

Евангелско-методистичка црква на Македонија. Пристапено на 08.11.2022, од http://emc.mk/

Евиденција на верски заедници. Пристапено на 09.11.2022, од https://www.kovz.gov.mk

Запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Република Северна Македонија во академската 2021/2022 година (прв циклус на студии). (2022, 6 јули). *Државен завод за статистика (образование и наука)*. Пристапено на 09.11.2022, од https://www.stat.gov.mk/

Историја на Евреите во Македонија. *Ezrm.org.mk*. Пристапено на 01.11.2022, од https://www.ezrm.org.mk/istorija-na-evreite-vo-mk/

Кардинал Паролин: Водството на жените произлегува од инклузивното и квалитетно образование. (2022, 27 окт.). *Katolici.mk*. Пристапено на 07.11.2022, од http://katolici.mk/%d0%ba%d0%b0%d1%80%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d0%bb-%d0%bf%d0%b0%d1%80%d0%be%d0%bb%d0%b8%d0%bd-

%d0%b2%d0%be%d0%b4%d1%81%d1%82%d0%b2%d0%be%d1%82%d0%be-%d0%bd%d0%b0-%d0%b6%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d1%82%d0%b5/

Катедрала „Пресвето Срце Исусово", Скопје. Пристапено на 07.11.2022, од https://srceisusovo.mk/.

Католичката црква во Скопје низ времето. (2022, 15 јули). *Kovz.gov.mk*. Пристапено на 07.11.2022, од https://www.kovz.gov.mk/ns-newsarticle-katolickata-crkva-vo-skopje-niz-vremeto.nspx.

Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи. Пристапено на 06.11.2022, од https://www.kovz.gov.mk/.

Коцевски, Д. (2020, 23 мај). Гази Иса-бег основач на Сараево, освојувач на Цариград, *Нова Македонија*. Пристапено на 10.10.2022, од https://novamakedonija.com.mk/makedonija/skopski-legendi/%D0%B3%D0%B0%D0%B7%D0%B8-%D0%B8%D1%81%D0%B0-%D0%B1%D0%B5%D0%B3-%D0%BE%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%87-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B0%D1%80%D0%B0%D0%B5%D0%B2%D0%BE-%D0%BE%D1%81%D0%B2%D0%BE%D1%98%D1%83/

Меморијален центар. Пристапено на 01.11.2022, од https://holocaustfund.org.mk/posts/details/1

Папата Фрањо именува три жени во Дикастеријата за епископи. Во *Katolici.mk*. Пристапено 08.11.2022, од http://katolici.mk/47065-2/

Синагога Базилика. (2010). *Stobi.mk (Национална установа Стоби)*. Пристапено на 24.08.2022, од http://www.stobi.mk/l%D0%BEk%D0%B0lit%D0%B5t/m%D0%B0p%D0%B0/k%D0%BEnt%D0%B5%D1%98n%D0%B5r-z%D0%B0-%D0%BEb%D1%98%D0%B5ktit%D0%B5-n%D0%B0-st%D0%BEbi/sin%D0%B0g%D0%BEg%D0%B0-b%D0%B0zilik%D0%B0

Стојанов, З. И. (2018, 2 дек.). Македонската Католичка црква од византиски обред – Низ годините. Во *Katolici.mk*. Пристапено на 02.09.2022, од http://www.stobi.mk/l%D0%BEk%D0%B0lit%D0%B5t/m%D0%B0p%D0%B0/k%D0%BEnt%D0%B5%D1%98n%D0%B5r-z%D0%B0-%D0%BEb%D1%98%D0%B5ktit%D0%B5-n%D0%B0-st%D0%BEbi/sin%D0%B0g%D0%BEg%D0%B0-b%D0%B0zilik%D0%

Фонд на Холокаустот на Евреите/Holocaust Fund. (2022). Holocaust Museum Skopje. [Video]. YouTube. https://www.youtube.com/watch?v=H3J-V0liiU4

Цветковска, А. (2022, 3 декември). Ѓорѓевски за МИА: Да ги почитуваме сите добри одлуки и од Белград и од Цариград и да бидеме поединствени во интерес на црквата и народот. Пристапено на 06.09.2022, од

https://mia.mk/%d1%93%d0%be%d1%80%d1%93%d0%b5%d0%b2%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b7%d0%b0-%d0%bc%d0%b8%d0%b0-%d0%b4%d0%b0-%d0%b3%d0%b8-%d0%bf%d0%be%d1%87%d0%b8%d1%82%d1%83%d0%b2%d0%b0%d0%bc%d0%b5-%d1%81%d0%b8%d1%82%d0%b5/